# Со баклава најавена изградбата на џамијата

Координативното тело за изградба на Бурмали џамија на скопскиот плоштад вчера со баклава најави дека наскоро ќе почне изградбата на овој верски објект за кој пред една година веќе поднеле иницијатива до надлежните институции.

Рамадан Рамадани, член на координативното тело, изјави дека Исламската верска заедница ќе се погрижи за усогласување на урбанистичките планови и за целата административна процедура во врска со изградбата.

- Бурмали џамија го добила името поради витканото тркалезно минаре, кое пак од фундаментот до кубусот имало премин во форма на баклава. Денеска служиме баклава за обновувањето на џамијата да биде благо како неа - рече Рамадани.

Изградбата на верски објекти со буџетски пари на плоштадот Македонија во Скопје предизвика недоразбирање меѓу коалициските партнери ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Додека по иницијатива на ВМРО-ДПМНЕ и со државни пари на плоштадот ќе се гради црквата „Константин и Елена“, ДУИ е против изградба на верски објекти со буџетски средства.



Фото: Чедомир Ненковиќ

Кампањата за изградба на верски објекти го качува шеќерот

- Во принцип, не се согласуваме да се градат верски објекти со државни пари. Сите тие што влегуваат во процес на градење верски објекти и во играње со верски чувства треба да бидат свесни што ќе испровоцира тоа кај другата страна - вели потпретседателката на ДУИ, Теута Арифи, на прашањето дали ја поддржува изградбата на Бурмали џамија.

(М.Д.Т-М.Т.)